Врз основа на член 24, став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19 и 236/22 од Законот за енергетика*), член 23 став (1) и (2) од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 201/16, 87/17 и 142/18) и Тарифниот систем за пренос на природен гас и за пазар за природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.285/22), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 декември 2022 година, донесе

# О Д Л У К А

## за одобрување на регулиран максимален приход и тарифи за вршење на дејноста пренос на природен гас за 2023 година од регулираниот период 2022-2026 година на АД ГА-МА Скопје

1. На Акционерското Друштво ГА-МА Скопје за вршење на дејноста пренос на природен гас во 2023 година се одобрува регулиран максимален приход во износ од 276.513.993 денари и просечна тарифа во износ од 0,1216 ден/kWh, за пренесени 2.273.929.599 kWh природен гас.
2. На Акционерското Друштво ГА-МА Скопје, се одобрува годишен приход по составни елементи (АВВ) за дејноста пренос на природен гас за 2023 година од регулираниот период 2022-2026 година во износ од 326.375.467 денари,
3. Тарифата за пренесени количини на природен гас во точките на излез за категоријата на потрошувачи производители на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во кои едновремено и во еден процес се произведува електрична и топлинска енергија и/или механичка енергија изнесува 0,1187 ден/kWh природен гас.
4. Тарифата за пренесени количини на природен гас во точките на излез за категоријата на потрошувачи производители на топлинска енергија и индустриски потрошувачи изнесува 0,1306 ден/kWh природен гас.
5. Тарифата за пренесени количини на природен гас во точките на излез за категоријата на потрошувачи - останати потрошувачи, потрошувачи со потрошувачка на природен гас во претходната година помала од 150.000 nm3 изнесува 0,1365 ден/kWh природен гас.
6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Акционерското Друштво ГА-МА Скопје (во понатамошниот текст: ГА-МА АД Скопје) согласно член 17 од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 201/16, 87/17 и 142/18) (во понатамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), достави Барање за одобрување на регулиран приход и тарифи за 2023 година бр.0302-2239/1 од 24 ноември 2022 година, (во понатамошниот текст: Барање). Барањето е заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика со УП1 бр.08-505/22 од 25 ноември 2022 година.

ГА-МА АД Скопје кон Барањето ја достави потребната документација согласно Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика постапувајќи согласно член 19 од Правилникот, на 3 декември 2022 година го објави известувањето во врска со Барањето на ГА-МА АД Скопје на својата веб страна и во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“.

Во рокот утврден во известувањето, во однос на објавеното Барање, Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје побара увид во доставената документација во прилог кон Барањето, којшто му беше овозможен од страна на Регулаторната комисија за енергетика на 7 декември 2022 година.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 27 декември 2022 година на својата веб страница објави предлог одлука со образложение и ги повика сите заинтересирани страни да достават свои сугестии, забелешки и предлози.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно Правилникот, изготви предлог одлука со образложение, која беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 28 декември 2022 година. На подготвителната седница беа поканети членовите на Регулаторната комисија за енергетика и претставници од ГА-МА АД Скопје, ДТИРЗ, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол – Скопје, Јавно претпријатие за енергетски дејности Струмица Гас-Струмица, ЈП Куманово Гас-Куманово, Министерство за економија на Република Северна Македонија, Стопанска Комора на Република Северна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Совет за потрошувачите, ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ Енергетика Скопје, Либерти АД Скопје, Скопје Север АД Скопје и Макстил АД Скопје, АД Пивара Скопје, АД Алкалоид-Скопје, претставник од кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и Стопанска комора на Северозападна Македонија.

**Податоци доставени од ГА-МА АД Скопје**

ГА-МА АД Скопје, во Барањето ги има презентирано следните податоци:

1. ***Планирани количини за пренос на природен гас***

ГА-МА АД Скопје за 2023 година од регулираниот период 2022-2026 година, планира да пренесе 211.488.988 nm$^3$ природен гас.

2. ***Регулиран приход и регулирана просечна тарифа***

ГА-МА АД Скопје, за вршење на дејностите пренос (во кој се содржи и дејноста управување на системот за пренос на природен гас), за 2023 година од регулираниот период 2022-2026 година, бара регулираниот приход и просечна тарифа да изнесуваат:

| Година | Регулиран приход (ден) | Просечна тарифа (ден/nm$^3$) |
|---|---|---|
| 2023 | 454.833.996 | 2,1506 |

ГА-МА АД Скопје, со Барањето има презентирано податоци за остварени трошоци и приходи за 2021 година, податоци за остварени трошоци и приходи за периодот од јануари до јуни 2022 година, податоци за пренесени количини на природен гас за 2021 и 2022 година, како и планирани трошоци, приходи и количини на природен гас за 2023 година.

Во Барањето се презентирани следните податоци за 2023 година:

| | **РКЕ 2023 година (УП1 бр.08-203/21 од 30.12.2021)** | **ГА-МА АД 2023 година (УП1 бр.08-505/22 од 25.11.2022)** |
|---|---|---|
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 23.893.769 | 37.641.250 |
| Трошоци за тековно одржување | 30.324.701 | 60.000.000 |
| Трошоци за осигурување | 10.000.000 | 10.000.000 |
| Бруто плати | 48.709.069 | 61.000.000 |
| Менаџерски плати и награди | 8.547.094 | 6.900.000 |
| Други услуги | 10.987.801 | 9.553.791 |
| Останати и вонредни трошоци | 12.391.534 | 17.819.504 |
| **Вкупно нормализирани трошоци** | **144.853.967** | **202.914.545** |
| Амортизација | 121.298.803 | 132.903.816 |
| Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од работењето | 360.000 | 360.000 |
| WACC | 0,0602 | 0,0602 |
| RAB просек | 2.073.779.322 | 2.243.088.002 |
| Вредност на залиха на природен гас во мрежа AVSt-1 | 73.188.954 | 78.193.753 |
| Принос на регулирани средства | 38.758.942 | 41.905.635 |
| Технички загуби | | 76.750.000 |

АД ГА-МА ја извести Регулаторната комисија за енергетика дека во моментот на поднесување на Барањето, активностите околу статусната промена на ГА-МА АД Скопје влегуваат во финална фаза, а кои произлегуваат од Спогодбата за спојување со НЕР АД Скопје, друштво во државна сопственост, потпишана на 1 јули 2022 година.

Со спојувањето, друштвата кои се спојуваат престануваат без ликвидација и се врши универзален пренос на целиот нивен имот и на обврските врз новооснованото друштво, Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС.

Врз новооснованото друштво – корисник се пренесуваат и сите права и обврски кои ги имаат друштвата што се спојуваат на 30 јуни 2022 година.

Од тие причини, согласно член 525 од Законот за трговски друштва, ГА-МА АД Скопје изготви Годишна сметка пред статусна промена со состојба на 30.06.2022 година која е доставена во прилог на Барањето.

За датум од кога зделките на друштвата што се спојуваат од сметководствена гледна точка ќе се сметаат како да се извршени на сметка на новото друштво, ќе се смета 1 јули 2022 година.

Спојувањето на сметководствата на двете друштва ќе се изврши по уписот на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност на природен гас НОМАГАС во Централниот регистар.

Имајќи предвид дека преку државната компанија НЕР АД Скопје во тек е изградба на магистралните гасоводи низ цела држава, а со цел да се обезбеди непречено функционирање, потребно е овие гасоводи да се спојат со системот на природен гас со кој управува ГА-МА АД Скопје, а со сите гасоводи во целина како систем да управува едно трговско друштво – оператор на системот за пренос на природен гас.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика направи анализа на Барањето за 2023 година.

Регулаторната комисија за енергетика со Одлуката УП 1 бр. 08-203/21 од 30 декември 2021 година го определи годишниот приход по составни елементи (ABB) за 2023 година за вршење на дејностите пренос (во кој се содржи и дејноста управување на системот за пренос на природен гас), во вредност од 304.658.208 денари.

По направената анализа на доставените податоци во Барањето, Регулаторната комисија за енергетика констатираше зголемување на оперативните трошоци во однос на одобрените оперативни трошоци како последица на околности кои не постоеле или не можеле да се предвидат во времето на одобрување на регулираниот приход и тарифа. Најголеми фактори кои имаат влијание врз зголемените трошоци се зголемената цена на природниот гас и електричната енергија, како и зголемениот износ на бруто плата остварена во Република Северна Македонија.

***Планирани трошоци***

Регулаторната комисија за енергетика, постапувајќи по Барањето, за дејностите пренос (во кој се содржи и дејноста управување на системот за пренос на природен гас) за 2023 година ги определи нормализираните оперативни трошоци во вкупен износ од 165.957.723 денари и тоа:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар за 2023 година се прифатени од Барањето во висина од 37.641.250 денари;
2. Трошоците за тековно одржување за 2023 година се задржани согласно утврдените со Одлуката УП1 бр.08-203/21 од 30.12.2021 година во износ од 30.324.701 денари;
3. Трошоците за осигурување за 2023 година се задржани согласно утврдените со Одлуката УП1 бр.08-203/21 од 30.12.2021 година во износ од 10.000.000 денари;
4. Трошоците за бруто плати се повторно пресметани согласно Правилникот, односно просечната бруто плата исплатена во стопанството на Република Северна Македонија за месец октомври 2022 година во износ од 49.585 денари е зголемена за 40%, за 65 вработени. Согласно пресметката, трошоците за бруто плата изнесуваат 54.146.820 денари;
5. Менаџерските плати и менаџерските награди за 2023 година се задржани согласно утврдените со Одлуката УП1 бр.08-203/21 од 30.12.2021 година во износ од 8.547.094 денари;
6. Другите услуги за 2023 година се задржани согласно утврдените со Одлуката УП1 бр.08-203/21 од 30.12.2021 година во износ од 10.987.801 денари;
7. Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци се пресметани во висина од 10% од позициите 1, 2, 3, 4 и 6 од нормализираните трошоци и изнесуваат 14.310.057 денари;

Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот од работењето за 2023 година се задржани согласно утврдените со Одлуката УП1 бр.08-203/21 од 30.12.2021 година во износ од 360.000 денари.

Трошокот за амортизација за 2023 година е задржан согласно Одлуката УП1 бр.08-203/21 од 30.12.2021 година е во износ од 121.298.803 денари.

Трошокот за принос на капиталот за 2023 година е задржан согласно Одлуката УП1 бр.08-203/21 од 30.12.2021 година е во износ од 38.758.942 денари.

Имајќи ја во предвид променетата вредност на нормализираните трошоци, Регулаторната комисија за енергетика утврди годишниот приход по составни елементи за 2023 година, определен согласно Правилникот и податоците доставени во Барањето, да изнесува 326.375.467 денари.

***Технички загуби за природен гас***

Техничките загуби за 2023 година се прифатени од Барањето имајќи ги во предвид прогнозираните количини на природен гас за пренос во 2023 година и изнесуваат 76.750.000 денари .

***Фактор на корекција***

Регулаторната комисија за енергетика согласно Правилникот направи контрола на остварените приходи и трошоци за 2021 година.

Вкупно повторно пресметаните оперативни трошоци со реални наместо прогнозирани податоци за 2021 година изнесуваат 128.696.007 денари и тоа:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се во висина на остварените според податоците од бруто билансот за 2021 во износ од 12.041.783 денари;
2. Вредноста на трошоците за тековно одржување се во висина на остварените според податоците од бруто билансот за 2021 во износ од 30.608.292 денари;
3. Вредноста на трошоците за осигурување е преземена од бруто билансот во износ од 9.987.432 денари;
4. Трошоците за бруто плати се пресметани согласно Правилникот, односно просечна бруто плата исплатена во стопанството на Република Северна Македонија во 2021 година, во износ од 42.886 денари, за 56 вработени и зголемена за 40%, со што трошоците за бруто плати изнесуваат 40.347.149 денари;
5. Менаџерските плати и менаџерските награди се согласно остварените во 2021 година, во износ од 5.591.022 денари;
6. Другите услуги се во висина на остварените според податоците од бруто билансот за 2021 година, во износ од 18.928.966 денари;
7. Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци се пресметани согласно Правилникот, во висина од 10% од позициите 1, 2, 3, 4 и 6 и изнесуваат 11.191.362 денари;

Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот од работењето се нормирани во ист износ како во бруто билансот и изнесуваат 369.651 денари.

Трошокот за амортизација е преземен од бруто билансот во износ од 126.387.234 денари.

Вредноста на трошокот за залиха на природен гас во мрежа, во износ од 22.186.807 денари за 2021 година е согласно одобрениот со Одлука УП1 бр. 08-75/16 од 28.12.2016 и е дел од вредноста на средствата на кои се пресметува принос. Приносот на капитал (RA) изнесува 36.172.894 денари и истиот е согласно претходно одобрениот.

Трошоците за загуби на природен гас во мрежата се преземени од бруто билансот за 2021 година во износ од 11.981.286 денари. Разликата помеѓу одобрените и остварените трошоци за загуби на природен гас во мрежата е резултат на промените во цената на природниот гас, количините на пренесен природен гас, и загубите за гас при вклучување на нови потрошувачи.

Регулираниот максимален приход за 2021 година, по контролата и нормирањето на трошоците, изнесува 303.607.072 денари. Остварениот приход за 2021 година е 407.137.397 денари и истиот е за 103.530.325 денари поголем во однос на повторно пресметаниот регулиран максимален приход за 2021 година. Оваа разлика на повеќе остварен приход се зема во предвид при определувањето на регулираниот приход за 2023 година.

Во овие пресметки не се земени во предвид количините на природен гас пренесени за потребите на производителите на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во

периодот од 1.05.2021 година до 30.09.2021 година, како ни приходот остварен со преносот на овие количини во истиот период.

Во текот на 2021 година пренесените количини на природен гас изнесуваат 310.150.064 $nm^3$ и се за 110.150.064 $nm^3$ поголеми во однос на планираните 200.000.000 $nm^3$, утврдени со Одлуката УП1 бр. 08-187/20 од 30.12.2020 година.

Факторот на корекција за 2021 година изнесува 103.530.325 денари. При пресметката на регулираниот максимален приход за 2023 година земени се во предвид 20.706.065 денари. Преостанатиот дел во износ од 82.824.260 денари, Регулаторната комисија за енергетика ќе го има предвид при носењето на одлуките за наредните години. При пресметката на регулираниот максимален приход за 2023 година, Регулаторната комисија за енергетика ги зема предвид и 105.905.410 денари како преостанат дел од факторот на корекција кој што се однесуваше за 2020 година.

Пренесените количини на природен гас се изразуваат во енергија и се пресметуваат со помош на следната формула:

$$Q_{ex} = Q_v * GCV$$

| | | | |
|---|---|---|---|
| $Q_{ex}$ | - | планирани количини на потрошувачка на природен гас во точките на излез од системот на природен гас во kWh | [kWh] |
| $Q_v$ | | планирани количини на потрошувачка на природен гас во точките на излез од системот на природен гас во nm3 во референтни услови | [nm3] |
| $GCV$ | - | горна топлинска моќ на согорување(25/0) на смесата изразена во (kWh/nm3) | [kWh/nm3] |

Согласно доставеното барање од ГА-МА АД Скопје предвидени се 211.488.988 nm3 природен гас. Исто така ГА-МА АД со допис бр.11-3072/1 од 27.12.2022 година достави информација со која што просечната горна топлинска вредност на природниот гас во 2022 година изнесува 10,752 kWh/m3. Врз основа на овој податок Регулаторната комисија за енергетика изврши конверзија на количините на природен гас од nm3 во kWh и истите ги утврди на 2.273.929.599 kWh.

Согласно Тарифниот систем за пренос на природен гас и за пазар на природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 285/22), за првата година од примена на Тарифниот систем, регулираниот максимален приход кој што се распределува на тарифните елементи за капацитет е нула и соодветно на тоа тарифата за капацитет исто така е нула.

Согласно на член 238 став (4) од Законот за енергетика вршителот на дејноста пренос на природен гас ја врши функцијата оператор на пазар на природен гас до определување на друштво на кое ќе му биде доделена лиценца за оператор на пазар на природен гас и соодветно на ова во тарифата за пренос е вклучена и тарифа за пазар на природен гас.

Регулираниот максимален приход за 2023 година изнесува 276.513.993 денари за пренос на 2.273.929.599 kWh природен гас.

Согласно точка 4.2 од Прилог 1 од Тарифниот систем за пренос на природен гас и за пазар на природен гас а имајќи ги во предвид карактеристиките и динамиката на користење на преносниот систем, тарифата за категоријата на потрошувачи производители на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во кои едновремено и во еден процес се произведува електрична и топлинска енергија и/или механичка енергија изнесува 0,1187 ден/kWh природен гас, тарифата за категоријата на потрошувачи производители на топлинска енергија и индустриски потрошувачи изнесува 0,1306 ден/kWh природен гас и тарифата за категоријата на потрошувачи останати потрошувачи со потрошувачка на природен гас во претходната година помала од 150.000 nm3 изнесува 0,1365 ден/kWh природен гас.

Имајќи го предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на Република Македонија.

**УП1 бр. 08-505/22**
**29 декември 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**

**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**